2025

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2025ГОДИНА

II Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ....................................................................................3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2025 година.........................................................3

II. ПРИХОДИ ....................................................................................4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2025 ГОДИНА ....................................................5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ....................................................................................6

Трошоци за вработените....................................................................6
Патни и транспортни трошоци..............................................................7
Заеднички трошоци ..........................................................................8
Програмски права ............................................................................8
Останати трошоци од работење...........................................................9
Инвестиции ......................................................................................9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2025 ГОДИНА..............9

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2025г..................................14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ...........................................15

1. Побарувања од купувачите во земјата ........................................................15
2. Побарувања од купувачите во странство ....................................................16

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА 17

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА.......18

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио, телевизија, сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2025 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 322.970.458 денари и расходи во износ од 327.411.573 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат од 4.441.115 денари. Во врска со финансискиот резултат значајно е да се напомене дека остварувањата реализирани во ова тримесечје во најголем обем се движат во рамки на планираните и очекувани износи како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи. Исклучок се одредени ставки во делот на расходи (во рамки на програмските содржини) каде во реализација се евидентирани фактури кои се пристигнати со задоцнување т.е се однесуваат на првиот квартал или се дел од склучените договори за јавна набавка за кои во анализираниот период има зголемена потреба, односно нбавена е поголема количина на потребни стоки или услуги.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2025 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | | Финансиски план 2025г | | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **311,928,535** | **100.0** | **1,411,864,000** | **100.0** | **322,970,458** | **100.0** | **103.5** | **22.9** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **239,771,512** | **76.9** | **1,342,236,000** | **95.1** | **327,411,573** | **101.4** | **136.6** | **24.4** |
| Трошоци за вработени | 136,719,252 | 43.8 | 659,650,000 | 46.7 | 171,348,250 | 53.1 | 125.3 | 26.0 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,060,106 | 0.3 | 9,200,000 | 0.7 | 1,350,626 | 0.4 | 127.4 | 14.7 |
| Заеднички трошоци | 33,559,170 | 10.8 | 170,210,000 | 12.1 | 29,018,806 | 9.0 | 86.5 | 17.0 |
| Програмски права | 54,165,035 | 17.4 | 425,426,000 | 30.1 | 107,888,346 | 33.4 | 199.2 | 25.4 |
| Останати трошоци од работење | 14,267,949 | 4.6 | 77,750,000 | 5.5 | 17,805,545 | 5.5 | 124.8 | 22.9 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **72,157,023** | | | | **-4,441,115** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот април - јуни 2025 година реализирани се приходи во износ од 322.970.458 денари.

Приходот за финансирање на радиодифузна дејност кој ЈРП МРТ го добива од Буџетот на државата а согласно Законот за ААВМУ, како основен извор на финансирање на тековното работење, во анализираниот период од годината е остварен во вкупен износ од 315.466.002 денари.

По основ на услуги во земјата и странство (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 517.548 денари или 5,4% во однос на планираните приходи за 2025 година за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 3.456.024 денари или остварување од 8,9% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата пред се, опфаќа приходи по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ а потоа и приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнителни приходи од минати години и слично.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.464 денари додека пак, од наплата на средства по основ на судски одлуки донесени во корист на МРТ реализирани се средства во износ од 25.389 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2025 година е остварен во износ од 3.438.031 денар што е остварување од 5,3% во однос на планираните средства во Финансискиот план за 2025 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 306,000,000 | 1,261,864,000 | 315,466,002 | 103.1 | 25.0 | 97.7 |
| Закупнини | 44,914 | 500,000 | 67,464 | 150.2 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 344,876 | 5,500,000 | 517,314 | 150.0 | 9.4 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии и сл.) | 574 | 4,000,000 | 234 | 40.8 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години) | 3,340,767 | 39,000,000 | 3,456,024 | 103.5 | 8.9 | 1.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 1,000,000 | 25,389 | 0.0 | 2.5 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 2,197,404 | 65,000,000 | 3,438,031 | 156.5 | 5.3 | 1.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 35,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **311,928,535** | **1,411,864,000** | **322,970,458** | **103.5** | **22.9** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2025 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 327.411.573 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2025 година претставува реализација од 24,4%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 136,719,252 | 659,650,000 | 171,348,250 | 125.3 | 26.0 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,060,106 | 9,200,000 | 1,350,626 | 127.4 | 14.7 |
| Заеднички трошоци | 33,559,170 | 170,210,000 | 29,018,806 | 86.5 | 17.0 |
| Програмски права | 54,165,035 | 425,426,000 | 107,888,346 | 199.2 | 25.4 |
| Останати трошоци од работење | 14,267,949 | 77,750,000 | 17,805,545 | 124.8 | 22.9 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **239,771,512** | **1,342,236,000** | **327,411,573** | **136.6** | **24.4** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 15,677,459 | 69,628,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **15,677,459** | **69,628,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **255,448,971** | **1,411,864,000** | **327,411,573** | **128.2** | **23.2** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во второто тримесечје од 2025 година е остварена во вкупен износ од 171.348.250 денари или 26,0% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 168.365.388 денари, износ кој споредбено со истиот период минатата 2024 година бележи повисока реализација од причина што почнувајќи од месец Август 2024 година, извршено усогласување на платите на вработените во МРТ со минималната плата на ниво на држава а согласно Колективниот договор на МРТ и позитивните законски прописи. Покрај трошоците за бруто плати оваа група ги опфаќа и трошоците за отпремнина за вработените кои оствариле право на пензија 694.210 денари, потоа трошоците за други лични примања/надоместоци на вработените за исплатена парична помош на вработените по разни основи како во случај смрт на вработен или на член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, надоместок за деца со посебни потреби, елементарни непогоди и слично кои во анализираниот период се реализирани во износ од 128.204 денари, како и трошоците за јубилејни награди за вработените кои во тековната година во МРТ остваруваат работен стаж од 10,

20, 30, 35 и 40 години во износ од 2.113.533 денари, трошоците за здравствени услуги во износ од 23.333 денари и трошоците за едукација во износ од 23.582 денари. Просечната плата по работник за периодот 04-06 месец 2025 година изнесува 57.012 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.350.626 денари и истата е реализирана со 14,7% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2025 година за оваа намена.

Од патувањата во странство кои се реализирани за остварување на програмски цели би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во Париз - присуство на Радио асамблеја организирана од Европска радиодифузна унија, Белград - известување од митингот најавен на 12.04.2025 година, присуство на работен состанок со Телеком Србија, како и присуство на работен состанок со Арена спорт, Света гора - репортажа за Света Гора (пренесување на чудотворната икона Света Богородица Скоропослушница), Милано - присуство на презентација на репортажни возила, Осака - известување од Саем на технолошки достигнувања ЕКСПО 2025, Лептокарија – присуство на обука во областа од јавните набавки организирана од Primal CPD & Primal Educational Center Скопје, Сараево - посета на јавниот сервис БХРТВ, Тирана - учество на обука Напредни професионални вештини - клуч за успешна јавна администрација, Истанбул - посета на Турска радио телевизија, Барселона - присуство на годишна конференција на CIRCOM REGIONAL и PRIX-CIRCOM, Софија - присуство на работен состанок во Бугарската национална телевизија, Астана - известување и коментирање на преносот од фудбалскиот натпревар Казахстан - Македонија од УЕФА Квалификациите за светско првенство 2026 одигран на 09.06.2025 година, Загреб - известување од подготовките на ФК Вардар, Улцињ - учество на регионален семинар за геополитика и безбедност и слично.

Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари, за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во Софија – по повод известување од посетата на претседателката Гордана Силјановска на Република Бугарија, Лондон - известување од официјалната посета на Владината делегација предводена од заменик-Премиерот и Министер за Транспорт и врски Александар Николоски на Обединетото Кралство, Тирана – по повод известување од посетата на претседателката Гордана Силјановска на Република Албанија, Париз - известување од посетата на Потпретседателот на Владата Александар Николовски на Франција, Хаг - известување од посетата и присуството на претседателката Гордана Силјановска Давкова на НАТО самитот и слично.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2025 година бележи остварување во вкупен износ од 29.018.806 денари што е реализација од 17,0% на финансискиот план за 2025 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за електричен, технички и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 208.813 денари, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк реализирани во вкупен износ од 189.258 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво со вкупно остварување од 6.310.663 денари како и телефонските трошоци со интернет услугите и поштенските услуги во вкупен износ од 952.533 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 1.039.045 денари. Реализација во рамките на планираниот износ за 2025 година бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.217.890 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.307.794 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опрема и градежни објекти остварени во вкупен износ од 1.791.856 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 78.022 денар и одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 330.759 денари како и трошоците за комунални услуги (вода и ѓубретарина) реализирани во вкупен износ од 1.468.834 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 8.087.204 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.045.923 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Во рамки на планираните износи за 2025 година остварени се и банкарските трошоци и тоа во износ од 126.004 денари а опфаќаат плаќања во земјата и плаќања кон странство а по основ на откупена филмска и спортска програма, членарини и слично, потоа трошоците за репрезентација остварени во износ од 143.557 денари како и трошоците за камати од работење и негативни курсни разлики остварени во вкупен износ од 3.338.661 денар.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 107.888.346 денари што претставува 25,4% реализација на планираниот износ со финансискиот план за 2025 година за оваа намена.

Евидентираните фактури за откуп на права за пренос и емитување на спортски настани изнесуваат 1.158.633 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 20.341.309 денари и таа во овој период опфаќа емитување на лиценцирани вести од интернет, откуп на лиценца за емитување на Евросонг 2025 година, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер како на пример ТВ проектите со наслови Го сознаваме светот, Кратки квиз прашања, Спортски факти, Избери паметно, Културен пулс, Гео минути и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 86.388.404 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ проект Животна приказна, ТВ проектот 360 Степени, ТВ проект Авантури низ знаењето, ТВ проект Агенда 35, ТВ проект Низ град со Кики, ТВ проект Мислотека, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, ТВ проект Партнерство за квалитетни реформски процеси преку истражувачко и аналитичко новинарство, ТВ проект Јавниот сервис како гарант за демократија и социјална кохезија, ТВ проект Македонски олимпијци, копродукција за радио емисија со наслов Домашна работа, ТВ проект ЖилеТ, копродукција на концерт на групата Меморија, изработка на аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси и слично.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 17.805.545 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 7.903.204 денари кои се неопходни за да се надомести недостигот од кадар во повеќето организациони единици во МРТ, трошоците за пренос на ТВ проектот Евросонг 2024 година во износ од 508.586 денари како и трошоците за надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично реализирани се трошоци во износ од 3.299.285 денари а за надоместок за Агенција за филм согласно законот за филмска дејност реализиран е трошок во износ од 5.872.891 денар.

## Инвестиции

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2025 година планирани се 69.628.000 денари но, во вториот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки, односно истите се во тек.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2025 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 135,004,370 | 630,000,000 | 168,365,388 | 124.7 | 26.7 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 18,700,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 789,348 | 2,500,000 | 694,210 | 87.9 | 27.8 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,разни видови помош и сл.) | 414,929 | 2,500,000 | 128,204 | 30.9 | 5.1 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 503,525 | 5,000,000 | 2,113,533 | 419.7 | 42.3 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 650,000 | 23,333 | 0.0 | 3.6 |
| Трошоци за едукација | 7,080 | 300,000 | 23,582 | 333.1 | 7.9 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **136,719,252** | **659,650,000** | **171,348,250** | **125.3** | **26.0** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 410,061 | 2,000,000 | 613,124 | 149.5 | 30.7 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 302,780 | 3,800,000 | 458,541 | 151.4 | 12.1 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 7,011 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 248,093 | 2,500,000 | 210,472 | 84.8 | 8.4 |
| Сопствено возило за службени потреби | 46,433 | 300,000 | 16,478 | 35.5 | 5.5 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 45,728 | 250,000 | 44,979 | 98.4 | 18.0 |
| **Вкупно 2** | **1,060,106** | **8,950,000** | **1,343,594** | **126.7** | **15.0** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 250,000 | 7,032 | 0.0 | 2.8 |
| **Вкупно 3** | **0** | **250,000** | **7,032** | **0.0** | **2.8** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,060,106** | **9,200,000** | **1,350,626** | **127.4** | **14.7** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 128,428 | 1,400,000 | 9,874 | 7.7 | 0.7 |
| Технички материјал | 279,546 | 1,400,000 | 102,510 | 36.7 | 7.3 |
| Сценографски материјали, реквизита и сл. | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 16,709 | 300,000 | 96,429 | 577.1 | 32.1 |
| **Вкупно 4** | **424,683** | **3,750,000** | **208,813** | **49.2** | **5.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 176,208 | 1,000,000 | 172,690 | 98.0 | 17.3 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 22,241 | 250,000 | 16,568 | 74.5 | 6.6 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **198,449** | **1,500,000** | **189,258** | **95.4** | **12.6** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 5,021,906 | 29,000,000 | 3,923,023 | 78.1 | 13.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 2,416,606 | 16,000,000 | 1,892,652 | 78.3 | 11.8 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 555,686 | 2,500,000 | 494,988 | 89.1 | 19.8 |
| **Вкупно 6** | **7,994,198** | **47,500,000** | **6,310,663** | **78.9** | **13.3** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 376,514 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 7** | **376,514** | **1,500,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 103,661 | 600,000 | 118,139 | 114.0 | 19.7 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 581,667 | 2,000,000 | 617,065 | 106.1 | 30.9 |
| Трошоци за интернет | 206,022 | 1,000,000 | 190,127 | 92.3 | 19.0 |
| Поштарина | 23,572 | 300,000 | 27,202 | 115.4 | 9.1 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,347,114 | 3,000,000 | 1,039,045 | 44.3 | 34.6 |
| **Вкупно 8** | **3,262,036** | **6,900,000** | **1,991,578** | **61.1** | **28.9** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 1,175,093 | 5,200,000 | 1,307,794 | 111.3 | 25.1 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,934,966 | 5,200,000 | 1,716,454 | 88.7 | 33.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 196,009 | 3,300,000 | 75,402 | 38.5 | 2.3 |
| Одржување на возила | 168,071 | 2,500,000 | 78,022 | 46.4 | 3.1 |
| Одржување на ситен инвентар, автогуми и ГПС уреди | 12,489 | 150,000 | 16,794 | 134.5 | 11.2 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 250,162 | 1,000,000 | 330,759 | 132.2 | 33.1 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,108,020 | 4,400,000 | 1,217,890 | 109.9 | 27.7 |
| **Вкупно 9** | **4,844,810** | **21,750,000** | **4,743,115** | **97.9** | **21.8** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 0 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 128,532 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,993 | 1,000,000 | 210,093 | 101.0 | 21.0 |
| Трошоци за вода | 1,138,100 | 3,500,000 | 1,258,741 | 110.6 | 36.0 |
| **Вкупно 10** | **1,474,625** | **5,030,000** | **1,468,834** | **99.6** | **29.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 55,568 | 600,000 | 44,376 | 79.9 | 7.4 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 18,932 | 400,000 | 1,850 | 9.8 | 0.5 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 165,898 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **240,398** | **1,650,000** | **46,226** | **19.2** | **2.8** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 8,075,580 | 50,250,000 | 8,087,204 | 100.1 | 16.1 |
| **Вкупно 12** | **8,075,580** | **50,250,000** | **8,087,204** | **100.1** | **16.1** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | #DIV/0! | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 142,892 | 800,000 | 143,557 | 100.5 | 17.9 |
| **Вкупно 14** | **142,892** | **950,000** | **143,557** | **100.5** | **15.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 42,451 | 2,500,000 | 3,800 | 9.0 | 0.2 |
| **Вкупно 15** | **42,451** | **2,500,000** | **3,800** | **9.0** | **0.2** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 139,627 | 590,000 | 126,004 | 90.2 | 21.4 |
| **Вкупно 16** | **149,627** | **600,000** | **126,004** | **84.2** | **21.0** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 14,513 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **14,513** | **450,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,964,276 | 10,000,000 | 1,045,923 | 53.2 | 10.5 |
| **Вкупно 18** | **1,964,276** | **10,000,000** | **1,045,923** | **53.2** | **10.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 686,765 | 5,000,000 | 957,702 | 139.5 | 19.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 2,400 | 200,000 | 66,413 | 2,767.2 | 33.2 |
| **Вкупно 19** | **689,165** | **5,200,000** | **1,024,115** | **148.6** | **19.7** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 1,229,137 | 2,000,000 | 131,456 | 10.7 | 6.6 |
| **Вкупно 21** | **1,229,137** | **2,000,000** | **131,456** | **10.7** | **6.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 2,092,769 | 5,500,000 | 1,747,907 | 83.5 | 31.8 |
| **Вкупно 22** | **2,092,769** | **5,500,000** | **1,747,907** | **83.5** | **31.8** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 281,026 | 2,000,000 | 1,590,754 | 566.1 | 79.5 |
| **Вкупно 23** | **281,026** | **2,000,000** | **1,590,754** | **566.1** | **79.5** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 62,021 | 880,000 | 159,599 | 0.0 | 18.1 |
| **Вкупно 24** | **62,021** | **880,000** | **159,599** | **0.0** | **18.1** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **33,559,170** | **170,210,000** | **29,018,806** | **86.5** | **17.0** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 7,559,674 | 68,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 29,215,542 | 24,826,000 | 20,341,309 | 69.6 | 81.9 |
| Надомест за фестивали | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 6,151,265 | 54,000,000 | 1,158,633 | 18.8 | 2.1 |
| Копродукциски проекти | 11,238,554 | 278,000,000 | 86,388,404 | 768.7 | 31.1 |
| **Вкупно 25-Програмски права** | **54,165,035** | **425,426,000** | **107,888,346** | **199.2** | **25.4** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 942,745 | 400,000 | 44,971 | 4.8 | 11.2 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **942,745** | **5,150,000** | **44,971** | **4.8** | **0.9** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 98,313 | 1,000,000 | 115,766 | 117.8 | 11.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 1,000,000 | 30,842 | 0.0 | 3.1 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување 01.04.-30.06.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 15 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,738,648 | 26,000,000 | 7,903,204 | 137.7 | 30.4 |
| Трошоци за проект Евровизија | 456,158 | 2,000,000 | 508,586 | 0.0 | 25.4 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **6,293,134** | **31,700,000** | **8,558,398** | **136.0** | **27.0** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 3,577,602 | 17,500,000 | 3,299,285 | 92.2 | 18.9 |
| Котизации и акредитации | 37,581 | 300,000 | 30,000 | 79.8 | 10.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 0 | 18,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест на Агенција за филмска дејност | 3,413,887 | 5,000,000 | 5,872,891 | 0.0 | 117.5 |
| **Вкупно 28** | **7,029,070** | **40,800,000** | **9,202,176** | **130.9** | **22.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 3,000 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **3,000** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **14,267,949** | **77,750,000** | **17,805,545** | **124.8** | **22.9** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **239,771,512** | **1,342,236,000** | **327,411,573** | **136.6** | **24.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 15,677,459 | 69,628,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **15,677,459** | **69,628,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **255,448,971** | **1,411,864,000** | **327,411,573** | **128.2** | **23.2** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2025г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2025 година изнесува:

- Комерцијална банка 1.364.758 денари
- Халк банка 63.852.949 денари
- Тутунска банка 6.450.642 денари
- Стопанска банка 927.489 денари
- Шпаркасе банка 2.448.144 денари
- Силк роуд банка 16.938 денари

***Вкупно на сметки : 75.060.920 денари***

*Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2025 година изнесува:*

- Стопанска банка 122 УСД
- Комерцијална банка 33.041 ЕУР
  1.770 АУД
  132 ДКК
- Прокредит банка 3,666 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2025 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024г | Состојба на 30.06.2025г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,044,752,298 | 2,048,128,832 | 100.2 |
| Побарувања од купувачите во странство | 44,275,442 | 37,294,131 | 84.2 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,070,466,945 | -2,068,693,337 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **18,560,795** | **16,729,626** | **90.1** |

### 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024г | Состојба на 30.06.2025г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,020,285,659 | 2,023,662,192 | 100.2 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,466,640 | 24,466,640 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,033,549,054 | -2,031,775,447 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **16,353,385** | **146.0** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата со состојба на 30.06.2025 година изнесуваат 16.353.385 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024г | Состојба на 30.06.2025г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,011,809,452 | 2,010,036,942 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 4,936,076 | 10,733,148 | 217.4 |
| - закуп на основни средства | 111,843 | 100,493 | 89.9 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (парно,вода,струја,закуп) | 3,021,334 | 2,384,655 | 78.9 |
| - спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами,закупнини и др.) | 24,466,640 | 24,466,640 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,033,549,054 | -2,031,775,447 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **16,353,385** | **146.0** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2025 година изнесуваат вкупно 376.248 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024г | Состојба на 30.06.2025г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 33,268,528 | 31,202,904 | 93.8 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 541,488 | 100.3 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,028,956 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,830 | 100.3 |
| - отстапени права | 6,951,309 | 2,021,288 | 29.1 |
| - фестивали во странство | 143,195 | 144,736 | 101.1 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 313,243 | 316,613 | 101.1 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,316 | 100.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во странство | -36,917,891 | -36,917,883 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **7,357,551** | **376,248** | **5.1** |

# VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2024 год. | состојба на 30.06.2025 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **479,517,314** | **446,034,638** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 187,518,255 | 190,568,896 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 74,181,869 | 49,872,164 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,307 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 23,309,342 | 18,607,463 |
| Обврски спрема вработените | 36,453,537 | 37,145,603 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 891,956 | 216,294 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 6,460,140 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, УЈП) | 1,000 | 1,000 |
| **Долгорочни обврски** | **109,822,285** | **109,822,285** |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 109,822,285 | 109,822,285 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **589,339,599** | **555,856,923** |

Состојбата на вкупните обврски на 30.06.2025 година изнесува 555.856.285 денари а истата во однос на состојбата на 31.12.2024 година бележи намалување во износ од 33.482.676 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2025 година изнесува вкупно 611 лица, што е помалку за 9 лица или за 1,5% во однос на состојбата на 31.03.2025 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2025 | 2 | 44 | 291 | 6 | 268 | 0 | 8 | 1 | 620 | |
| 30.06.2025 | 2 | 44 | 288 | 6 | 263 | 0 | 7 | 1 | 611 | -9 |
| структура 30.06.2025г.(%) | 0.3 | 7.2 | 47.1 | 1.0 | 43.0 | 0.0 | 1.1 | 0.2 | 100.0 | -1.5 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2025 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2025 | 411 | 150 | 23 | 18 | 6 | 6 | 4 | 2 | 0 | 620 | |
| 30.06.2025 | 405 | 148 | 23 | 18 | 6 | 6 | 4 | 1 | 0 | 611 | **-9** |
| структура 30.06.2025г.(%) | 66.3 | 24.2 | 3.8 | 2.9 | 1.0 | 1.0 | 0.7 | 0.2 | 0.0 | 100.0 | -1.5 |

Во текот на второто тримесечје, односно во периодот Април-Јуни 2025 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во истиот период 9 лица се заминати од МРТ и сите по основ на стекнување на право на старосна пензија (Новинар 1 со ВСС, Снимател камерман со ССС, Новинар 2 со ВСС, Манипулативен работник со КВ, Стручен соработник 1 со ВСС, Мајстор на тон со ССС, Снимател на тон 1 со ССС, Оператор на програма 2 со ССС и Новинар 1 со ВСС).

Скопје, Октомври 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

_________________________

Марјан Цветковски